**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седмото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 октомври 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,37 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 56-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Бесим Догани, Силвана Бонева, Мирјана Секуловска, Горан Мисовски, Фијат Цановски, Андреј Жерновски, Данаил Дончев, Радмила Шекеринска, Славица Грковска, Лазар Китановски, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Елмазе Селмани, Теута Арифи, Агрон Буџаку, Рафис Алити, Али Ахмети, Фазли Велиу ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Предлог за донесување на закон за јавните набавки.

Процедурална интервенција најави господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Прво, да ја поздравам иницијативата на Собранието да се обиде да ги добие сите потребни документи за законот. Сепак, уште еднаш да повторам она што Владата ни го предложила нас, пишува: за спроведување на овој закон ќе бидат потребни финансиски средства за формирање на Државната комисија за жалби за развој на систем на јавни набавки, повторувам, развој на систем на јавни набавки и потребна инфраструктура за електронските набавки. За жал, она што денес ние го добивме од Владата за фискалните импликации на предогот, колку што јас овде гледам, фискалните импликации се однесуваат само на плати и трансфери веројатно за придонесите што се плаќаат за тие лица што би работеле веројатно како професионалци во Државната комисија за жалби. Затоа не мислам дека е ова целосно исполнето, она што и ние како и вие преку нас го побаравте, се извинувам, ние преку вас го побаравме од Министерството за финансии. Но, во интерес да работиме денеска нема да комплицирам многу, иако фалат информации. Јас уште еднаш ќе повторам. Ако сакаме системот да профункционира на 1 јануари 2008 година во овој момент тоа што го рачунаат како компјутерска опрема, не може да го исполни. Значи, тој софтвер не може да го исполни, најодговорно тврдам, барањето на законот. Што значи дека во оваа година некој треба тоа да го направи. И затоа прашувам, дали тој тендер за софтвер ќе оди по новиот закон, ќе оди по стариот закон, затоа што и колку планираат тоа да чини, бидејќи во овој момент таа финансиска импликација ја нема. Мислам дека не се сите податоци овде што треба да ги има. Но, во интерес на времето само да укажам дека фалат уште некои работи за да можеме да се произнесеме позитивно за овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Јас ја почитувам вашата процедурална интервенција, особено и оној дел го земам предвид што може да се смета условно речено за експертски. Се разбирате во тие работи, така што ќе видиме понатаму како ќе се развива, па ќе го имаме тоа во предвид.

Има збор господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги претеници, претставници на Владата. Најпрво претседателе, една процедурална не е забелешка, меѓутоа констатација и не до вас, затоа што овој пат лично како претседател не сте виновен. Меѓутоа, ова е прекрасна прилика да се види како започнува работниот ден на пратениците, на оние кои се мнозинство и кои треба да го обезбедат кворумот за работа на Собранието и прекрасна можност целата македонска јавност да види доколку колегата Ѓорчев кој е присутен ги повика камерите да се види на средната страна и на десната страна колку пратеници има од владеачкото мнозинство. Затоа што постојано кога тоа им одговара се повикуваат дека некој опструира, дека некој намерно не сака Собранието да работи, а оние кои се најодговорни за тоа рано насабајле кога започнува работниот ден ниедна седница никако да започне во предвиденото време. Впрочем, претседателе, вие пред извесно време и со официјално писмо, допис се обративте до сите пратеници и ги повикавте, ги предупредивте дека седниците треба да почнуваат на време. Меѓутоа, факт е, граѓаните тоа го знаат дека ниедна собраниска седница по вина на парламентарното мнозинство не може да започне на време, иако е тука опозицијата, иако сме тука и да правиме кворум, меѓутоа сепак, деловничките услови се исполнети. Ние можеме да продолжиме со работа, но ова вреди да се истакне како забелешка, затоа што во иднина кога ќе имаме вакви ситуации да се знае кој е одговорен и колку за работата на Парламентот. Се извинувам за дигресијата со процедуралната забелешка.

Што се однесува до законот за јавните набавки, ова е типична ситуација каде што Владата на Република Македонија и ВМРО-ДПМНЕ под превезот на наводните реформи прикажувајќи ни ја розова ситуацијата во Република Македонија со безбројните прес конференции на премиерот лично кога за тоа треба да се соопшти некоја убава работа и целиот владин кабинет позади него. Значи, наспроти таквите ситуации ни се доставуваат вакви закони во кои одредени сегменти, одредби, решенија во законот се сакаат да се протуркаат од Владата буквално речено, на мала врата. На што мислам? И да

поминат незабележано во јавноста за да Владата од една страна се рекламира како многу успешна, работлива и реформска, а од друга страна создава услови за прекршување на законите, односно за корупција против она што и е постојано секој ден полна устата. На што милам? Во овој закон се зголемува и за тој дел ќе се задржам, иако е голем законот. Меѓутоа мислам дека е многу значаен овој дел каде што се зголемува цензусот од три на пет илјади евра како обврска за објавување на тендер при склучување на јавни набавки. Значи, наместо досегашните три илјади евра под кои со непосредна спогодба без јавен тендер се вршеа набавките, сега тоа се зголемува на пет илјади евра. Значи. власта, функционерите на ВМРО-ДПМНЕ од сега ќе можат слободно наместо до три, до пет илјади евра да немаат обврска да распишуваат јавен тендер и да си прават спогодби буквално речено во четири очи. Значи, тоа е ситуација за кое ВМРО-ДПМНЕ кога беше опозиција им беа на секоја втора, трета прес конференција полни устите и на министерот Трајко Славески како тогашен претседател на партиската комисија, им беа полни устите со обвинувања за тогашната власт за непосредни спогодби, спогодби во четири очи, за нетранспарентност при трошењето на државните пари, јавните набавки итн. Што се случи во меѓувреме? Дали можеби волкот се облече во јагнешка кожа и сега ќе си ги легализира со закон непосредните спогодби во четири очи за кои најмногу ја критикуваше претходната Влада како извор, можност, опасност од злоупотреби на функционерите кои ги вршат јавните набавки, односно како извор на корупција. Значи, сега буквално имаме обратна ситуација, каде што буквално секој функционер на ВМРО-ДПМНЕ, владин функционер од различни ешалони е овластен со својот потпис да потпишува, да набавува, да склучува договори за набавки, ќе може тоа да го прави слободно без објавување на јавен тендер. Значи, во Република Македонија се создава законски основ, наместо да се затвораат опасностите, условно речено вентилите за спречуавње на корупција, да се стимулира корупцијата. Имаме ситуација која Владата со ова законско решение, директно ја потикнува, ја стимулира, односно ги става во искушение своите функционери, кои ќе вршат јавни набавки на корупција. Јас не знам како министерот Славески кој заедно со уште неколку врвни владини функционери пред неколку недели излезе на заедничка прес конференција на Владата кога се промовираше кампањата: “Стоп за корупцијата”. Како ќе го брани ова решение во законот. Од еден негов стенограм, не од овој закон, туку од пред неколку месеци кога беше на дневен ред Измени и дополнувања на овој закон во врска со истово решение на нашите забелешки на опозицијата уште во комисиската расправа господинот Славески изјави дека според меѓународната практика, значи се пивикува на некоја меѓународна практика, меѓутоа имагинарно без да каже конкретен пример во која земја, процедура, закон, износ на средства, услови, критериуми инт, значи само општо. Вели дека предвидува за големи набавки, непропорционални, цитирам: “се непропорционални за сите набавки над 3.000 евра во денарска противредност кои се пропишани според постојниот закон. Значи, единствената реченица со која се обидува да даде какво, такво образложение министерот општо имагинарно е дека непропорциоанално било замислете до 3.000 евра да бидат јавните набавки и затоа Владата се одлучила на ваков чекор да ги зголеми до 5.000 евра да нема јавен тендер, туку директно во четири очи со непосредни спогодби да се вршат набавките. Значи, за оваа Влада е непропорционално 3.000 евра, а многу е пропорционално 5.000 евра. Значи, повторувам уште еднаш, дали е пропорционално да се создаваат во Република Македонија услови за корупција и да се потикнуваат владините функционери кои се со својот потпис во ситуација, односно по природата на работата мораат некогаш тоа да го прават, или интенцијата на Владата и нејзината политика е да се бори против корупцијата како што беше онаа позната пресконференција стоп за корупцијата каде што Славески со премиерот, со министерот за внатрешни работи и уште неколку други владини функционери, министерот за правда, беа сите седнати заедно во Владата и ни кажуваше министерот за финансии, ни ги опишуваше оние грди фаци на корупцијата. Тоа беа негови зборови на пред конференцијата. Дали тоа значи дека кога Владата промовира според неа убави работи за Република Македонија се појавуват министрите, пред се премиерот лично и овие позади него. И сега се прашувам, дали ова решение во овој закон е убава работа, реформска работа, позитивна работа која ја спречува можноста за корупција, која ја води кон прогрес Република Македонија уште да напредува кон Европската унија, затоа што овде се повикува министерот на меѓународни стандарди, а не ги кажува кои се и критериуми, или пак обратно стимулираме корупција. Тогаш, зошто ако е позитивна работа овој закон и ова законско решение лично премиерот не излезе со министерот Славески позади него на прес конференција на Владата и да објави, денеска Владата на Република Македонија одлучи да има многу повеќе, дупло повеќе непосредни спогодби во четири очи, отколку јавни набавки преку пат на тендери. Зошто премиерот на Република Македонија не ја соопшти оваа вест удирајќи се во гради како што тоа го прави кога тоа нему му одговара. Или како што реков на почетокот, ова е вест која всушност треба да се забошоти, да помине на мала врата, да помине незабележано, а владините функционери да бидат пред искушение, односно да им се отвараат вратите за зголемување на корупцијата. Дали премиерот и министерот за финансии како многу пати досега, како на пример за платежните картички, со добрата фризура ќе снимаат спотови дека во Република Македонија

со овој закон Владата одлучила да работиponetранспарентно и да склучува договори во четири очи, зголемувајќи го цензусот за тоа од три на пет илјади евра, наместо тоа да го прави транспарентно, да се отстранат сите сомнежи за евентуална корупција, да и ги затворите устите на опозицијата да не може да ве критикува, вие го правите токму спротивното. Или на пример, зошто министерот за финансии Трајко Славески не направи еден спот по примерот за добрата фризура и платежните картички, на пример за стоте дена Влада, парите потрошени не преку јавни набавки, туку со непосредна спогодба за одбележувањето на стоте дена Влада, за непосредната спогодба од 20 милиони евра за мазут за ТЕЦ Неготино, да направи еден спот Трајко Славески за половина милион евра потрошени од Чинговски за разно разни трошоци, трансфери, репрезентации за кои падна и Управниот одбор, зошто за тие работи премиерот лично не излегува на прес конференции и Трајко Славески не прави спотови да ги рекламира тие владини потези како и овој впрочем. Замислете како тоа би изгледало да излезе еве не мора премиерот, туку министерот за финансии, да каже, знаете, ова што го кажа на говорница, стенограмот, според меѓународата практика ние го зголемуваме од три на пет илјади евра цензусот за склучување на непосредни спогодби во четири очи. И притоа да излезе и да си ги повтори пресовите како опозиционер кога говореше против претходната Влада дека е корумпирана, дека тоа само по себе е корупција итн. без никакви докази, туку кога создаваше во предизборието атмосфера, популистичко како сега што создава Владата популизам, дека наводно многу работи, дека наводно многу и мисли добро на Република Македонија и на граѓаните. Меѓутоа, притоа се кријат, се протнуваат вакви одредби со кои наместо за граѓаните, Владата си мисли добро на самата себе, односно на своите функционери на кои треба преку ова да им создаде услови за корупција, да им се одолжи за нешто да склучат некои тендери да заработат нешто на незаконит начин, односно Владата на сметка на граѓаните да си го зголемува сопственото конто. А секогаш кога опозцијата ќе побара пари за општокорисни работи кои се однесуваат за подобрување на статусот на определени категории на граѓани како што беше последниот пример пред неколку дена со ребалансот на Буџетот, на пример за енергетската сиромаштија на граѓаните на Република Македонија да им се плаќаат во износ од 1000 денари сметките за електрична енергија за оние најзагрозени, најсиромашни граѓани, социјални случаи. За тоа Владата нема пари, нема слух.

Меѓутоа, за да смислува вакви итроштини, вакви работи може тоа да го направи. Но, не знам со која совест, со која одговорност мисли дека нема овие работи да останат неоткриени, дека нема опозицијата да проговори за ова, дека опозицијата не ги чита не меѓу редови, туку до крај внимателно законите.

Дали Владата распиша тендер иако тоа, еве и да е над 5000 евра според новиот закон, за стотиците илјади или не знам, за милионските суми, шпекулирам, затоа што во многу наврати не одговара ни премиерот, ни министерот за финансии за трошоците за плаќање за одржување на имотите или кредитите за имотите во странство на господата Самак, Ташковиќ, Мизуи, не знам уште неколку други владини функционери кои како големи патриоти дошле тука во Македонија, се претставуваат како големи патриоти, а сакаат да заработат нешто и паралелно со тоа да имаат си-ви дека биле министри во една држава, во една влада за утре кога ќе го развиваат бизнисот, кога ќе се вратат во странство да се фалат со тоа си-ви, да заработуваат на сметка на граѓаните на Република Македонија.

Што ќе прават тие господа кога еден ден оваа Влада нема да биде повеќе на власт, дали ако се толку големи патриоти ќе го пренесат бизнисот во Република Македонија и ќе ги инвестираат тука, или своите имоти ќе ги пренесат тука за да се оддолжат на Владата и на оваа држава затоа што нетаранспарентно и сеуште во тајност се држат тие цифри, меѓутоа, претпоставувам дека ништо не може да се сокрие, можеби моментално, еден ден да и се оддолжат на Владата за тоа што ги троши буџетските пари за нив.

Исто така проблематично во законот е што е исклучено мислењето на институцијата која е овластена за јавните набавки, тоа е Бирото за јавни набавки и тоа е уште еден основ опозицијата сериозно да се сомнева, односно како за се она што говорев претходно, директно да ја обвини Владата за намера, а не за превид, грешка или случајност. За директна намера за стимулирање односно создавање услови за корупција, а не за борба против корупцијата. Значи, со сите вакви решенија во законот Владата всушност се обидува да си обезбеди услови да има покритие зошто тоа го прави, да нема контролни механизми за спречување на ваквите можни ситуации, и извесни ситуации за корупција, преку склучување на спогодби директно во четитри очи.

Владата се повикува, во дискусиите беше кажано, на Франција истото тоа го видов и во стенограмот на министерот Славески за меѓународна практика. Еве кажете, имате можност, според кои директиви, или кои регулативи на Европската унија, според кои услови, кој тоа го барал од Владата од нашата држава, да се стимулираат непосредните спогодби, да се зголеми цензусот на задолжително објавување на тендер. Никој тоа не го кажа овде, од страна на Владата, од страна на парламентарното мнозинство во Собранието. Дали зголемувањето на стимулирањето на непосредните спогодби во четири очи е услов барање за напредок на Република Македонија

кон добивањето на почеток на преговорите со Европската унија. Секако дека не. Ова е интерес, би рекол бизнис, економски интерес, да не речам криминален интерес затоа што ова директно асоцира на криминал, на кршење на законите, директно ве осомничува однапред за стимулирање на корупцијата. Чиј интерес е ова. Ова јас колку што можев да видам не е интерес на Европската унија, на странците, не е никаква препорака, барање или услов. Ова Владата го прави самоволно и на своја рака. Значи, осуетени се од опозицијата намерите на Владата. Џабе прикажувате дека со новите законски решенија во овој закон ќе се воведат електронски аукции, дека ќе се избегне субјективизмот при оценувањето на понудите, дека ќе се намали можноста од фаворизирање со која би се нарушил принципот на доверливост на понудите, дека ќе се намали злоупотребата на дискрециите во фазата на евалуација. Овие работи ги читам од образложенијата. Дека ќе се намалат трансакционите трошоци, дека ќе се скрати постапката.

Во ред, тоа се позитивни работи кои би се овозможиле со некои решенија од овој закон и неспорно е дека Владата треба да ја скрати постапката, некогаш навистина објективно јавните набавки се јавуваат како тесно грло за непречено извршување и функционирање на одредени служби и институции и тн. и тн. органи. Меѓутоа, џабе ви се сите тие, паѓаат во вода, напори за да ги прикажете како подобрување на овој закон во врска со постапката, транспарентноста, дискрециите кога вие всушност го правите спротивното, вие ги зголемувате дискреционите овластувања на функционерите што потпишуваат спогодби во четири очи. До сега беше на три, сега тоа го правите да можат да го прават до пет илјади евра и ќе фрчат непосредни спогодби, ќе фрчат договори во четири очи. Кој тоа ќе го контролира? Веројатно ви се поклопува идеално ситуацијата со повлекувањето на државниот ревизор, ви се отвора можноста да си ставите човек партиски, како што на пример пред неколку недели си ја ставивте Марина Кавракова на чело на Комисијата за хартии од вредност. Сега ќе си ставите и партиско решение, ВМРО-вско решение на чело на Државната ревизија со мандат од 10 години.

Дали некој ќе може да се надева на некој критичен извештај од Државниот завод за ревизија за работата, евентуалните злоупотреби на функционерите на Владата на ВМРО-ДПМНЕ, на оваа Влада, на оваа власт. И во пакет со овие решенија за непосредни спогодби кога ќе ги партизирате до крај, кога ќе завладеете со институциите кои треба да го контролираат вашето работење на Владата, се вклопува мозајкот. Значи, ќе се избегнат сите контролни механизми, ќе се спречат, ќе се забошутат на државата за контрола помеѓу другото и за јавните набавки на функционерите на ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, за среќа покрај Државниот завод за ревизија во Република Македонија постојат и други институции владини, невладини преку кои органи ќе се одвива борбата против корупцијата, помеѓу другото што ја прави и оваа власт, затоа што не заборавајте и со тоа ќе завршам, најподложни на корупција се, јас сум за тоа секој да одговара, секој што го прекршил законот без пардон да одговара подеднакво и подеднакво да се применува законот, меѓутоа кога, на пример, министерката за внатрешни работи ги употребува тие зборови јавно, треба таа и нејзината Влада да имат во предвид дека најподлежни на корупција се токму носителите на актуелната власт, оној што е во моментот во ситуација да потпишува тендери, договори, непосредни спогодби и тн.

Значи, Владата ќе почне сериозно ако сака да прикаже неселективност со која ви се полни устите од самата себе, за да биде добар пример, за да граѓаните во Република Македонија и веруваат, за да опозицијата може навистина да ве поддржи во таа борба и да рече дека навистина е неселективна преку сопствен пример да ги открива случаите на корупција и да ги казнува сопствените највисоки носители на власта, пред се на извршната власт, затоа што извршната власт располага со посписот и со тие механизми кои ќе бидат користени за склучување на непосредни спогодби.

Затоа размислете добро што правите бидејќи со вакви решенија си ја сечете гранката самите на која седите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и ги повикувам пратениците кои сеуште не се влезени во салата да влезат во салата зошто наскоро ќе треба да гласаат.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Присутните во салата чекаат да се создаде кворум)

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници за да можеме да преминеме на гласање.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници)

Добро. Имаме.

На Собраниету му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за јавните набавки.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 57, воздржани нема, против 9.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, за гласале 57, воздржани нема, против 10.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам претррес по текстот на Предлогот на закон.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 74 став 1 алинеја 4. Член 88 став 1 алинеја 4 и на член 136 за менување на став 1 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова, и Благородна Цветковска поднесоа амандмани на член 4 став 1 за додавање нова точка ѓ) по точката д); член 4 за менување на став 2; за бришење на член 11; член 12 и за додавање три нови ставови 2, 3 и 4; член 13 за менување на став 2; член 14 став 1 за менување на алинеја 14; член 17 за менување на став 2; член 18 за менување на став 2; за бришење на член 19; на член 27 за менување на став 2; член 28 за менување на став 1 и став 2; член 32 став 2 за менување на алинеја 3; за бришење на членовите 34 и 35; на член 43; член 51 за менување на ставовите 3 и 4; член 54 став 2; член 55 алинеја 3; член 60 став 1 за додавање нова алинеја 1 пред алинејата 1, член 77; член 88 за менување на алинеја 4; на Глава В за бришење на делот 4 и членовите 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95, 96, 97 и 98; член 99 ставови 1 и 2; член 100 став 1 алинеја 1 и за бришење на алинеја 2; член 115 став 2; член 116 за бришење на став 4; за бришење на член 119; член 124 алинеја 5, за бришење на член 133; член 134; за менување на став 2 и на став 4 на втората реченица; за бришење на член 135; член 136 за менување на став 1 и за бришење на став 6; за бришење на член 137; член 144 за бришење на ставовите 2 и 3; член 151 за бришење на став 3; за бришење на членовите 154, 157 и 160; на член 178 став 1; за бришење на алинеја 5 и на член 200 став 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 за додавање нова точка ѓ) по точката д), поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипоова и Благородна Цветковска.

Го млам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господин Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министер, Бесим Догани

Би било добро во колку во текот на расправата по однос на амандманите петставникот на Владата да дава и кратки образложенија кои се причините поради кои што одредени амандмани не се прифаќаат или се прифаќаат за да може соодветно на тоа да бидат и нашите дискусии. Мислам дека со овакви сувопарни одговори само-се прифаќа или не се прифаќа, не можеме да отвориме посериозна расправа и да направиме подобрување во законот бидејќи целта на амандманите е таа.

Затоа би го замолил претставникот на Владата со оглед на тоа дека има и советници до него, по однос на амандманите да дава и кратки образложенија, се со цел за да добиеме поквалитетна расправа.

Со овој амандман се предлага во делот на органите или кој што треба да го почитуваат законот за јавни набавки при спроведување на постапките да се додадат и здруженија на граѓани и фондации на кои им се дадени јавни овластувања.

Сметаме дека со овој амандман значително ќе се зајакне контролата на трошењето на финансиските средства посебно доколку Владата, општината или градот Скопје се решат да делегираат дел од своите надлежности на одредени здруженија на граѓани и фондации кои што би вршеле услуги од јавен интерес и во тој случај, би било добро да подлежат на одредбите од законот за јавни набавки.

Значи целта на овој амандман е токму тоа, знаеме дека со процесот на децентрализација сега ќе дојде законот за јанво, приватно партнерство за концесии, има можности и дел од надлежностите на државните органи на општините да се префрлаат на здруженијата на граѓани и значи тие на некој начин ќе бидат оние кои што ги трошат средствата на граѓаните од Буџетот и затоа е добро при спроведувањето на своите набавки или дејности да бидат, да ги почитуваат одредбите од законот за јавни набавки. Затоа мислам дека е потребно амандманот да се поддржи, и да биде донесен. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани присутни како еден од предлагачите на овој амандман се јавив за збор.

Основна идеја при пишувањето на сите и составувањето на сите овие амандмани беше целта да се подобри текстот на законот. Во таа смисла ако јавни пари, односно пари на граѓаните се трошат за јавни набавки, логично е да ако...

(Џагор во салата)

Се извинувам претседателе да може. . . Најголично е ако...

(Џагорот продолжува)

Ќе може да вособтавите ред во салата се извинувам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, јас постојано ѕвонам, **(**Предупредува со ѕвончето.)

Ве молам да се слушаме господа, колеги, ве молам да се слушамне.

Повелете госпоѓо Верица.

**Верица Филипова:** Очигледно колегите немаат намера да се смират, очигледно редот во салата тешко можете да го воспоставите, за жал.За жал, за гласањето на текстот на овој закон кворум правеше Социјалдеморкатскиот сојуз, мислам дека сите можеа да видат дека од нас се присутни 15-16 пртеници, за разлика од мнозинсството, за разлика од партијата на власт, каде во средината е полупразна. Мислам дека јавноста тоа го виде но и покрај се овој закон не побудува никаков интерес и не можете да воспоставите ред и мир во салата.

Повторно ќе повторам за жал, јас ќе продолжам со моето кратко образлагање на амандманот, кој го дадовме од побуди да ако во здруженијата на граѓани и фондации се трошат народни пари, ако се трошат јавни пари, што и денес се случува, што и со понатамошните интенции и закони ќе се случува, логично е да Законот за јавни набавки важи и за овие групи.

Поради тоа е даден амандманот во кој се интервенира да договорните органи за кои важи овој закон освен точка а), државните органи, органите на единиците на локална самоуправа и на Градот Скопје, точка б) правните лица основани за специфична намена за задоволување на потребите од јавен интерес што не се од индустриски или комерцијален карактер итн.

Точка в) правни лица основани од 1 или повеќе договорни органи од став 1 точка а) и б) на овој член. Точка г) Јавните претпријатија, Акционеркисте друштва и Друшвата со Ограничена одговорност во кои договорните органи од овој член имаат доминантно директно или индиректно влијание преку сопственост над н ив, точка д) секое правно лице освен оние од став 1, кое врши една или повеќе дејности врз основа на посебно или ексклузивно право, во случаите кога доделува договори за јавни набавки или склучува рамковни спогодби со цел вршење на соодветните дејности, да се дополни и со точка ѓ), во која ќе се додадат здруженија на граѓани и фондации на кои им се дадени јавни овластувања. Значи не, било кои здруженија на граѓани и фондации него на оние на кого им се дадени јавни овластувања.

Точка 2 од овој член,Владата на Република Македонија е додадена, во натамошниот текст “Владата” утврдува индикативен список на договорни органи од ставот 1 на овој член. Значи, убедени сме дека пратениците присутни на денешната седница, треба да го изгласаат овој наш амандман и покрај тоа што Владата одговори негативно, се изјасни негативно по овој амандман, меѓутоа гласањето ќе покаже на што сме.

Значи, уште еднаш да повторам на денешната седница за жал, пратениците од парламентарното мнозинство се во голема бројка отсутни, овој закон не им е интересен илипак поинтересни им се некои други активности и службените отсуства надвор од државата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има господинот Александар Николовски. Повелете вашите три минути.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Јас нема да го коментирам делот во кој колешката зборуваше процедурално, иако сметам дека е лошо да го злоупотребува правото на говор за процедурална интервенција која, покрај другото, и не држи. Тоа може да го види, очигледно е на друго место незаинтересираноста за работата на овој Парламент.

Во однос на амандманот, овој амандман е уште еден доказ дека опозицијата поднесува амандмани само заради тоа што сака да ги поднесе и тука треба да се реагира, односно ова е еден од амандманите кои што се бесцелно поднесени и ќе кажам зошто.

Прво, здруженија на граѓани од јавен интерес во македонскиот правен систем, односно во Законот за здружение на граѓани и фондации не постои како термин. Тоа е намера која што ја имаме, тоа е желба која што ја имаме и сакаме да се случи во наредниот период, но сеуште во постојниот Закон такви здруженија на закони не постојат. Тоа е прва работа.

Втора работа: не можете да додадете јавни набавки да врши орган или во случајот здружение на граѓани во кое што Владата односно сите оние субјекти кои што се наведени во ставовите немаат доминантна улога, односно немаат доминантна сопственост и апсолутна глупост е да кажувате дека, до колку тоа здружение на граѓани добие некакви ингеренции од страна на владини органи дека треба да врши јавни набавки, од проста причина што имате контрадикторност за самиот правен систем, во моментот такви здруженија на граѓани не постојат, односно не постојат здруженија на граѓани од јавен интерес на кои што државата би им делегирала дел од своите андлежности, така што ако сакате да зборуваме за желби, за соништа, за интенции, за програмски намери можеме, ама да поднесувате амандман на законот кој што нема правна основаност во основниот Закон кој што ги уредува здруженија на граѓани и фондации е апсолутна глупост, апсолутно непознавање или апсолутен обид за блокада на Парламентот само заради тоа да поднесете амандман за да поднесете и апсолутно со она што го говорите покажувате дека немате никакво познавање во граѓанскиот сектор. Јас тоа го разбирам, не може сите секаде да имаме познавања, имате познавање во енергетика, говорете за енергетиката, немојте за граѓанскиот сектор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Вашата минута госпоѓо Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани присутни, јас не знам дали колегата знае дека Законот за здруженија на граѓани кој вие ветивте дека до мај месец ќе го донесете сеуште е на дневен ред на една од 24-те незавршени седници на овој Парламент. Во Законот за здруженија на граѓани, кој за жал ќе повторам овој Парламент сеуште го нема донесено, имаме поднесено амандман во кој бараме здруженија на граѓани да постојат од јавен интерес. Поради тоа и го поднесовме овој амандман како што објасни и првиот образлагач на амандманот, амандманот е во согласнсот со следните закони: Законот за јавно приватно партнерство и т.н. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска. Повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Јас би сакала да елаборирам зошто ќе го прифатам овој амандман и зошто сосема спротивно на излагањето на колегата Николовски овој амандман заслужува да биде прифатен и да стане составен дел од новиот закон за јавни набавки. И ќе потсетам дека уште од октомври месец 2006 година сите невалдини организации, здружени во граѓанска платформа на Република Македонија изработија токму европски нов закон за здужување на граѓани и фондации, каде што новина беше регистрација на здруженија на граѓани од јавен интерес и убедена сум дека колегата Николовски го знае тоа многу добро. Но токму Владата на ВМРО-ДПМНЕ го опструираше нивниот предлог и им вети донесување на таков закон кој е сосема хармонизиран со европските закони и дека до крајот на месец мај невладините организации во Република Македонија ќе го добијат она што го бараат. Значи токму вие колега Николоски гласавте против тоа. Од месец мај поминаа веќе 5-6 месеци, ни трага ни глас од предлог законот на невладините организации.

И повторно ќе говорам за желбата и интенцијата на ВМРО-ДПМНЕ, на Владзата предводена од Груевски да не дозволи таков европски закон да дојде на седница на дневен ред единствено со желба да вметне свои прсти, односно да го партизира токму и граѓанскиот сектор, претставен преку невладините организации.

Колега Николоски, изградбата на едно демократско граѓанско општество, каква што е и нашата намера, освен поделбата на трите власти, законодавна, извршна и судска, остава огромен простор на граѓаните кои имаат уставна можност слободно да се здружуваат во свои здруженија и токму граѓанскиот принцип се промовира токму преку овие здруженија, но до колку ги оставиме независни и демократски. Новиот закон, бидејќи ветивте дека ќе биде предмет на разгледување на ова Собрание во овој собраниски состав и те како заслужува место во новиот закон за јавни набавки да биде опфатен. И вие многу добро знаете, се додека од Буџетот на Република Македонија се издвојуваат пари на граѓаните, тогаш секој таков денар треба да биде предмет на контрола и во сегментот на јавни набавки. Сосема логичен е амандманот и заслужува да биде составен дел од овој закон. Оди во прилог тезата дека е нелогичен, дека е контрадикторен и најмалку, дека е обид за опструкција токму на овој закон. Ако намерата е да донесеме сега закон за јавни набавки, кој ќе овозможува комплетна контрола на начинот на набавување на услуги и стоки со средства на граѓаните, тогаш и здруженијата на граѓани кои благодарение на, повторно ќе кажам, ВМРО-ДПМНЕ кој го опструира донесувањето на новиот европски закон за здруженија на граѓани се надевам дека ќе дојде до крајот на годината пред овој Парламент, во член 4 од новиот закон треба да им се даде можност на здруженијата на граѓани и фондации во овој закон да бидат третирани како договорни страни. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика за госпоѓа Роза Топузова Каревска, а потоа ќе биде репликата на господинот Александар Николоски, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе,

Почитувани колеги пратеници, почитувана колешке, морам да ве исправам во една коснтатација бидејќи во два наврати рековте ВМРО-ДПМНЕ со новиот закон ќе се обиде да го партизира во најголем дел граѓанскиот сектор. Она што до сега го имаме во таа сфера доволно говори дека и до сега најголемиот дел на невладините организации односно граѓанскиот сектор ВМРО-ДПМНЕ веќе го има партизирано, така што не ќе се обиде, туку тоа е веќе завршена работа, за жал, во поголем број на невладини организации, а како пример ќе го наведам тоа што претседатели на здруженија и невладини организации се наоѓаат веќе на високи и истакнати функции, именувани од страна на ВМРО-ДПМНЕ, а определен дел веќе и имаат добиено добри работни места и тоа места за кои не ги исполнуваат условите. Можам и конкретни примери да ви наведам, како што е “Гласот на светлината”, знаеме за претседателката каква функција доби, а и уште еден нејзин член веќе има добро работно место, односно е еден од првите истакнати луѓе во ЕЛЕМ. Значи почитувана колешке, морав да ве поправам заради тоа што искажавте нешто што веќе е случено, а кажавте дека можеби ќе се случи или има намера да го партизира. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика за госпоѓа Весна Бендевска, повелете со вашата минута.

**Весна Бендевска:** Благодарам колешке.

Сосема се согласувам со вашите констатации и токму заради тоа треба и заслужува да го подржиме новиот предлог на закон за здруженија на граѓани и фондации, кој ја намалува можноста на политичко влијание од страна на Владата, бидејќи ќе им овозможи на здруженијата на граѓани поголема финансиска независност како претпоставка за можност за партизирање.

Навистина се надевамне само од вас колешке Топузовска дека токму ќе ја добијам подршката и од колегата Александар Николоски, кој претпоставувам дека и својата политичка кариера во ВМРО-ДПМНЕ до сега ја изгради како истакнат член на невладиниот сектор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот Александар Николоски побара прво процедурална интервенција, а потоа реплика.

Повелете, продолжете со процедуралната интервенција.

**Александар Николоски:** Благодарам.

Јас би сакал да реагирам и да ги замолам колешките и колегите пратеници да се држиме на темата. Денес тема е Законот за јавни набавки, не е тема Законот за здруженија на граѓани, не е тема општополитичка дебата за демократскиот развој во Република Македонија и т.н., заради тоа што ако продолжиме вака да дискутираме може да се случи во некој закон да пишува дека треба да се заштити зелената трева во паркот и ние да правиме овде дебата три дена за зелената трева во паркот, така што би ги замолол колешките и колегите пратеници да се држиме на темата на законот. Она за што се говореше во изминатите реплики и контра реплики и говори не е апсолутно тема на овој закон, а останувам пријавен и за реплика. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете процедурално господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, се надевам дека сеуште вие го водите Собранието и вие оценувате дали некој зборува на темата или не. Ако господинот Николоски се гледа на вашето место, тоа е негова работа. Мислам дека кога амандманот стои, пишува точно " граѓански здруженија и невладини организации од јавен интерес", дебатата е за тоа дали треба или не треба да биде. Но бидејќи очигледно не е конструктивноста на позицијата нашето присуство овде при чинот на гласањето не дава за плод да имаме една нормална атмосфера, туку само се дофрлува, во иемна пратеничката група барам половина час пауза. Благодарма.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Објавувам половина час пауза.

(Пауза од 11,51 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во12,32 часот)

**Иван Анастасовски:** Процедурално се јави госпоѓа пратеник Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам потпретседателе.

Со оглед на тоа дека денеска имаме уште една седница од 14,30 минути, која што беше вчера закажана, во текот на денот, пратеничката група на ЛДП треба да обави некои консултации во врска со понатамошниот тек на оваа седница, затоа барам пауза од половина час. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Јас сум деловнички обврзан да ви ја дадам паузата.

Продолжуваме со работа во 13,00 часот.

Ви благодарам.
(По паузата седницата продолжи со работа во13,13 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Има збор Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Се јавив по однос на амандманот по втор пат, затоа што сакав да дебатирам со колегата Николовски Александар, меѓутоа, тој не е тука и за жал, се изгуби смислата на дискусијата по однос на амандманот.

Би сакал да апелирам во иднина, доколку пратениците од позицијата сакаат да дебатираат по однос на амандмани кои што ги поднела нашата пратеничка група, тоа да го направат конструктивно и да заборават на оние фрази кои што цело време ги користат дека ние сме ја кочеле работата на Собранието и дека сме сакале Собранието да не може ефикасно да работи. Треба да се цени трудот на секој пратеник кој што го прочитал законот, се потрудил да напише амандман, со кој што сака да го подобри текстот на законот и жално е кога некој што досега, не знам дали има поднесено амандман, ќе се јави и ќе рече дека тоа е со друга цел, а не да се подобри текстот на законот. И самиот колега кога беше Законот за здружение на граѓани и фондации, најави дека до месец мај ќе им биде подготвен нов закон, кој што ќе биде донесен со широк консензус и дебата меѓу невладините организации, но сеуште го немаме добиено и тогаш, можеби поинаку ќе мислеше за амандманот. Значи, немаше никаков проблем овој амандман да се прифати и да стои во законот кога ќе дојде време и кога ќе се дадат такви можности. Апсолутно тогаш ќе нема потреба од измени и дополнувања на Законот за јавни набавки. Така да, мислам во иднина треба малку поодговорно и посериозно да ја сфаќаме својата функција и да дебатираме во насока на подобрување на текстот на законот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор госпоѓа пратеник Цветковска Благородна, не е присутна во салата.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците кои се надвор од салата, за влезат, бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Почитувани колеги објавувам пауза еден час.

По паузата почнуваме со нова Седумдесет и петта седница на Собранието на Република Македонија. Ви благодарам.

(Пауза од 13,30 часот)

(По паузата седницата не продолжи)

(Седницата прекина во 13,30 часот)